Предлагач: **Градоначалник**

Изготвувач: **Сектор за урбанизам,заштита на животната средина и ЛЕР**

# ПРОГРАМА

**за финансирање на изработка на урбанистички планови на општина Конче за 2026 година**

**Декември 2025 година**

Врз основа на член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на Р.С.М.“ бр.32/2020) ,член 22,став 1,точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 5/02 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24) и член 11 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 16.12.2025 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**за финансирање на изработка на урбанистички планови на општина Конче**
**за 2026 година**

***А.*** Општина Конче секоја година има потреба од планирање и уредување на просторот во населените места во општината.

Урбанистичко планирање е континуирана работа со која се обезбедува изработување, донесување и спроведување на урбанистички планови,кој треба меѓусебно да се усогласуваат и дополнуваат.Изработувањето и донесувањето на урбанистички план е задолжително за општината,бидејки се работи за планирање од јавен интерес.Со урбанистичко планирање се обезбедува рамномерен развој,рационално уредување и користење на простор,услови за хумано живеење и работа на граѓаните.Општина Конче има потреба од солиден урбанистички третман во населените места во општината.

Урбанистичкиот план е план за уредување и користење на земјиштето на потесно подрачје,како што е град,населба,село и друго подрачје предвидено за градба.Во зависност од просторот кој е предмет на планирањето во урбанистички планови спаѓаат: Генерален урбанистички план,Детален урбанистички план,Урбанистички план за село и Урбанистички план вон населено место,урбанистички проекти.

За изработување на наведените планови Советот на општина Конче донесува годишна програма која се финансира од Буџетот на општината, заинтересираните правни и физички лица и Буџетот на РСМ.

Изработување на овие планови вршат правни лица кои поседуваат лиценца за изработка на урбанистички планови.

Приоритетни планови кои треба да се утврдат со оваа програма за 2026 година се:

1. **Изработка на Урбанистички проект за инфраструктура ( локални патишта, водовод, канализација ) во должина од 20 км.**
   Носител: Совет во општина Конче.
   Финансирање:Буџет на Општината, лица .
   Изработувач:Правни лица со лиценца.
   **Цена: 1.500.000,00 денари**

**4.Изработка на урбанистички план за вон населено место за спортско-рекреативен компекс на КП 959/1,957 и 954 КО Ракитец**

Носител: Совет во општина Конче.
Финансирање : Буџет на Општина. заинтересирани правни и физички лица
Изработувач:Правни лица со лиценца.

Површина на опфат : 4 ха
**Цена: 480.000,00 денари**

**4.Изработка на урбанистички план за вон населено место за викенд населба КО Долна Враштица**

Носител: Совет во општина Конче.
Финансирање:Буџет на Општината. заинтересирани правни и физички лица

Изработувач:Правни лица со лиценца.
Површина на опфат : 5 ха
**Цена: 500.000,00 денари**

## Урбанистички план за село

(1)Урбанистички план за село особено содржи:граница на плански опфат која претставува граница на село,зони и граници на зони на намена на земјиштето,планско решение на сообраќајна мрежа со нивелманско решение,планско решение за комунални и други инфраструктури со услови на приклучување на мрежите,услови за градба,развој и користење на земјиштето и градбите,со урбанистички правила за градењето и други одредби и податоци потребни за планските решенија.
(2) Урбанистичкиот план за село особено содржи:граница на планскиот опфат која претставува граница на село,намена на земјиштето и градбите со општи услови за градење,развој и користење на земјиштето,градбите и инфраструктурите,генерална регулација,како и други мерки и податоци потребни за планските решенија.
(3)Урбанистиќкиот план за село треба задолжително да содржи и мерки за заштита на природата ,природното наследство и животната средина,мерки за озеленување на планскиот опфат,мерки за справување со климатските промени,мерки за справување со отпад,мерки за заштита од разурнување,мерки за заштита на недвижното културно наследство и други мерки на безбедно остварување на целите на планирањето.

## Урбанистички план за вон населено место

(1)Урбанистичкиот план за вон населено место е урбанистички план кој се донесува за група на градби и комплекси,поголеми градби или инфраструктурни градби од локално значење,кои се наоѓат вон од населено место,односно кои не се опфатени ниту со генерален урбанистички план ниту со урбанистички план за село.

(2) Урбанистички план за вон населено место содржи особено:граница на плански опфат која претставува граница на урбанистичкиот план за вон населено место,намена на земјиштето и градбите со општи услови за градба,развој и користење,посебни услови за грасење и детална регулација доколку е потребно,планско решение на сообраќајната мрежа со нивелманско решение,планско решение за комуналните и други инфраструктури со услови за приклучување на мрежите,процентуална застапеност на површините за зеленило, како и други одредби и податоци потребни за планските решенија.
(3) Покрај содржините од ставот(2) ,урбанистичкиот план за вон населено место треба задолжително да содржи и мерки за заштита на природата,природното наследство и животната средина ,мерки за справување со климатските

промени,мерки за справување со отпад,мерки за заштита од разурнување,мерки за заштита на недвижното културно наследство,мерки за озеленување на планскиот опфат и други мерки за беџбедно остварување на целите на планирањето.

**Урбанистички проект за инфраструктура**

1) Урбанистички проект може да се изработува и за поединечни градби и инфраструктури од државно и локално значење вон населени места и вон опфат на урбанистички планови на земјоделско, шумско и друго земјиште, крајбрежни појаси и други простори. Урбанистичкиот проект се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот.

***Б.*** Изготвувањето на плановите е долгорочен процес кој зависи од многу фактори и услови,затоа е неопходна нивната опфатност да биде со програмата која секоја година би се надополнувала.Исто така без подготвување и објавување на вакви програми законски е неможно донесување,обновување на урбанистичките планови,а со тоа и рационално уредување на просторот и рамномерен просторен развој.

***В.*** Реализацијата на оваа програма ќе се остварува согласно Законот за урбанистичко планирање.

***Г***. Програмата влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во Службен гласник на општина Конче.

Број 08-2444/10
Дата 16.12.2025
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Бранкица Вчкова,